# Мониторинг на исполнувањето на мерките од Итните демократски реформи и Планот 3 6 9 во Република Македонија во делот на јавни финансии и економија



*Кон повисок квалитет на живот и прогрес за граѓаните во Република Македонија?!*

**Март, 2018**

Општи информации за ЦЕА

Лого:

Адреса:

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ (ЦЕА)

бул. Јане Сандански 63/3,

1000 Скопје, Македонија

тел.: + 389 (0)2 24 44 766

моб.: + 389 71 310 974

ЕДБ: 4030003479278

РБ: 5763061

Сметка:
Стопанска Банка АД Скопје

број на сметка: 200000856268559

веб-страница и е-пошта:

www.cea.org.mk

www.mkbudget.org

info@cea.org.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

336.1:005.584.1(497.7)
330:005.584.1(497.7)

МОНИТОРИНГ на исполнувањето на мерките од Итните демократски реформи и Планот 3 6 9 во Република Македонија во делот на јавни финансии и економија : кон повисок квалитет на живот и прогрес за граѓаните во Република Македонија?!. - Скопје : Центар за економски анализи - ЦЕА, 2018. - 14 стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4731-44-3

а) Јавни финансии - Демократски реформи - Мониторинг - Македонија б) Економија - Демократски реформи - Мониторинг - Македонија
COBISS.MK-ID 106622218

*„Државната управа, формирана и наследена од еден друг системски амбиент не одговара на потребата на демократското и цивилното општество во кое таа мора буквално да стане сервис на граѓанинот. Брзото реагирање на секое барање на граѓанинот, пресретливоста и целосното внимание до секој граѓанин треба да го одрази тој изменет однос. Во принцип ниеден граѓанин не смее да остане без одговор во најкусо можно време, за секое свое барање, со спремност на било кој орган да го посоветува граѓанинот, да го упати на надлежната служба и да му помогне. Затоа одговорноста на секој службеник мора да се подигне на високо ниво. Тромоста, неодговорноста и чувството дека зад секој шалтер се среќавате со власт што треба да ви подели милост е неспоива со однесувањето на било кој државен орган спрема наш граѓанин во една демократска земја.*

*Со криминалот, митото и корупцијата се соочува секое општество, но во таканаречените држави во транзиција во кои се менува скалата на вредностите еродираат моралните вредности, во услови на промена на сопственоста и социјалните превирања што се во тек, овие појави добиваат исклучително значење и претставуваат голема опасност за развојот на демократијата, безбедноста и сигурноста на граѓанинот и неговиот имот. Иако во Македонија во споредба со другите посебно во врска со така наречениот организиран криминал, сите овие појави немаат димензии како во другите земји во слична положба, опасноста не треба да се потценува, не е помала.*

*Сите органи треба да се соочат со неа и да дејствуваат по сите линии за нејзино ефикасно попречување.*

*Во демократско и пазарно општество сите јавни функции, сакам да нагласам, не се како во поранешниот систем, места за вработување и за богатење. За таа цел се бизнисот и приватната иницијатива. Државните и јавните функции никого не смеат да збогатат. Тие можат да донесат пред се на секого кој се занимава со јавна работа место во општеството, чест и признанија дека одредена личност во одредено време нешто сториле за државата и за народот. Така се создава демократска традиција и однос спрема сопствената држава. Затоа сметам дека не треба да се прифаќа за државна и јавна функција секој оној кој не е подготвен да биде постојано под лупата на јавноста, да изгуби многу од приватноста и обратно со пожртвувана работа да спечали јавен респект заради подготвеноста да служи на државата и на општествените интереси.“*

**Г-н Киро Глигоров на втората Седница на Собранието на Република Македонија на 19ти ноември 1994 година**

# Содржина

Вовед ........ 6
Методологија за мониторингот ........ 7
Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија ........ 7
Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 ........ 8
Економија ........ 8
Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи ........ 9
Општ осврт ........ 9
Јавни финансии на локално ниво ........ 9
Матрица за мониторинг со мониторинг на исполнувањата ........ 10

# Вовед

Целта на овој документ е да се даде независна оценка за напредокот од исполнувањето на мерките кои се идентификувани од граѓанскиот сектор на Република Македонија, а објавени во документот „Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи“[1] за периодот од 6-те месеци на Владата на Република Македонија.

Документот „Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи“ (јули 2017) е надградена верзија на „Предлог на граѓанските организации за итни демократски реформи“ за следните 6, 9 и 12 месеци, кој беше верификуван и од Европската унија[2], а е резултат од работата на 73 граѓански организации и експерти. Предлозите за реформи се изработени од страна на 146 учесници на Форумот на граѓански организации на 4 и 5 јули 2017 година, а се надоврзуваат на основниот документ изработен во 2016 година.

Со предлозите за реформи се цели да се даде поттик, насоки и детални активности неопходни за враќање на демократските стандарди и вредности, како и за постигнување напредок во јавните политики и враќање на довербата на граѓаните во клучните државни институции. Промената на власта сама по себе беше чекор напред поради тоа што со одржувањето на кредибилни избори се стави крај на длабоката повеќегодишна политичка криза, **но не е гаранција за системски реформи кои се неопходни за да се надмине состојбата на *заробена држава.*[3]**

Областите на јавни политики разработени во документот се: јавни финансии и економија; правосудство; борба против корупцијата; избори и изборен систем; јавна администрација; контрола врз полицијата и агенциите за безбедност и (контра)разузнавање; Собрание; граѓанско општество; социјална заштита, благосостојба и одржливост; образование и младински политики; животна средина; енергетика; култура и здравство. Овој документ го следи исполнувањето на мерките во областа на јавните финансии и економија.

Понатаму ќе дадеме осврт и на Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија[4] и што тој содржи во делот на Јавни финансии и економија, а потоа ќе се осврнеме на исполнувањето на мерките од документот „Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи“.

---

[1] Види повеќе *„Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи“*, овде: http://cea.org.mk/wp-content/uploads/2017/07/PREDLOG-NA-GRAGANSKI-ORGANIZATSII-ZA-ITNI-DEMOKRATSKI-REFORMI.pdf.

[2] Види повеќе во извештајот на Европската унија за напредокот на земјата во 2016 година овде, на страна 9: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.

[3] За заробената држава во Македонија види повеќе во извештајот на Европската унија за напредокот на земјата во 2015 година овде: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf. Исто така овде: http://respublica.edu.mk/blog/2017-11-08-09-52-14.

[4] Види овде: http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2017-2020/Plan%203-6-9%20MKD.pdf.

# Методологија за мониторингот

Методологијата подразбира следење на документите на Влада на Република Македонија и соодветните министерства, Собранието на Република Македонија и независните органи и институции. Квалификациите кои ќе бидат употребени како техника ќе бидат:

- Исполнето;
- Делумно исполнето;
- Не е исполнето;
- Недостасуваат информации.

„Недостасуваат информации" ќе квалификуваме таму каде не можеме со сигурност да утврдиме факти и/или да добиеме мислења.

# Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија

Сакаме да укажеме дека Владиниот план 3-6-9 од јули 2017 година не содржи планови и препораки за подетални аспекти, мерки и активности во областа на јавните финансии и економијата освен што информира дека (во поглавјето за реформи на јавната администрација) ќе се започне инклузивен дијалог на Нацрт програмата за управување со јавните финансии 2018-2021 година.

Додека во Планот 3-6-9 + од ноември 2017 година, повторно во поглавјето Реформа на јавната администрација и добро управување, освен усвојувањето на Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021 година (со рок 12/2017), како мерки се наведуваат и објавување на Граѓански буџет за 2018 година (со рок 11/2017), јавни консултации за реформа на системот за јавни набавки и прифаќање на сугестиите на СИГМА во поглед на системот за јавни набавки и советот (со рок 11/2017) и изготвување на Документ за политика за реформи во јавната внатрешна финансиска контрола (со рок 3/2018).

Во насока на засилување на надзорот, одговорноста и отчетноста во јавните финансии како дел од принципите на кои се заснова планот 3-6-9 е и новата Алатка за отчетност за трошоците на носителите на јавните функции.[5] Оваа алатка е изготвена од страна на Владата и претставува јавно достапен софтвер кој содржи информации за службените трошоци на институциите и функционерите. Податоците може да се пребаруваат по тип на службен трошок (дневници, превоз, сместување итн.), по години, како и на месечно ниво. Меѓутоа, во моментот податоците се достапни исклучиво за 2014 и 2017 година (со намера да се спореди степенот на трошење со промена на владејачката структура н.з.). Имајќи предвид дека оваа алатка е новитет, останува да се види дали Владата ќе остане посветена на ажурирање на една ваква алатка која е од големо значење за транспарентноста која треба да води кон повисока отчетност на именуваните и избраните функционери во Македонија. Овде сакаме да укажеме исто така дека оваа алатка не смее да биде замена за ефикасна и ефектива јавна внатрешна финансиска контрола кај буџетските корисници.

[5] http://vlada.mk/otchetnost-troshoci , посетена на 21.03.2018

## Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021

Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021 година беше донесена во декември 2017 година[6]. Исто така беше донесен и Акциски план за спроведување на Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021.[7]

Од аспет на почитување и негување на владеење на правото, непризнавањето на улогата и придонесот на граѓанскиот сектор во јавните финансии и економијата на Република Македонија е недостаток на Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021. Сметаме дека во програмата треба недвосмислено да се истакне значењето на граѓанските организации, посебно ако се земе предвид фактот дека сите меѓународни организации споменати во оваа програма се брифираат со граѓанските организации при носењето на нивните документи и препораки.

# Економија

Во делот на економијата сметаме дека Владата носи привремени мерки кои ја следат парадигмата на претходната Влада и стратешките трендови на државно субвенциониран раст, додека истите не ги адресираат вистинските проблеми за креирање на амбиент за ефикасна пазарна економија. Како што може да се види уште од самиот наслов на новиот план, Владата се заложува за економски раст, а не за економски развој. Планот не е заснован на анализа на проблемите и е интуитивен збир на барања на бизнис секторот, но не и на потребите на граѓаните на Република Македонија.[8]

Во таа насока сакаме да укажеме и на ризиците по владеењето на правото и економијата со неодамнешниот случај на толкувања одредби од Законот за данок на додадена вредност (ДДВ) и обидот за нивна примена врз физички лица во услови на недостаток на правила и процедури, при иста даночна база и правна инциденца.[9]

---

[6] Види повеќе овде, *„Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021"*: https://www.finance.gov.mk/files/u3/PFM%20Reform%20%20Programme__MK%20DEC%202017_final%20VLADA.pdf.

[7] Види повеќе овде, *„ Акциски план за спроведување на Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021"*: https://www.finance.gov.mk/files/u3/Akciski%20plan%20za%202018_Programa%20za%20reforma%20na%20PFM_fev%202018_MK%202.pdf.

[8] Види повеќе во *„Предизвици за Владата од рецидивите на заробената држава"*, овде: http://respublica.edu.mk/blog/2017-11-08-09-52-14.

[9] Види повеќе во овде *„Владеењето на правото и економијата: Случајот со данокот на додадена вредност за физички лица во Република Македонија"*: http://cea.org.mk/vladeeneto-na-pravoto-ekonomijata-sluchajot-danokot-na-dodadena-vrednost-za-fizichki-litsa-vo-republika-makedonija/.

# Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи

## Општ осврт

Во документот „Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи" во општиот осврт беше потенцирано дека е потребна поголема транспарентност во јавните финансии, која треба да доведе до отчетност за тоа како се планираат и користат јавните ресурси на државата. Фискалната транспарентност беше еродирана, а провладините елити ги имаа заробено издашните извори за генерирање и за прераспределба на благосостојбата, со што Владата беше принудена да се задолжува за да ја задоволи побарувачката на своите клиенти. Ова доведе до носење на ad-hoc фискални одлуки надвор од јавниот буџетски процес и до рушење на кредибилитетот на надзорните институции на буџетскиот циклус и воопшто, до намалена фискална дисциплина.

Општи принципи за предложените активности се следниве: зголемување на фискалната дисциплина и одржливост; зајакнување на фискалната транспарентност, отчетност и партиципативност; подобрување на ефикасноста и ефективноста, надзорот и одговорноста за јавните финансии.

## Јавни финансии на локално ниво

Овде сакаме да укажеме на несоодветноста на задолжување на централната власт за цели на покривање на неплатените обврски од страна на единиците на локална самоуправа. Имено[10]:

1. **Ваков инструмент води кон натамошно еродирање на правната држава**. Со ваква мерка се праќа сигнал дека незаконските дејанија, неодговорното работење, и немањето на отчетност се исплаќа. Економските субјекти се изложуваат на нефер и дискриминаторска положба во однос на државата. Се креираат пазарни девијации на пазарот на капитал.
2. **Ваков инструмент води кон одржување на заробеноста на државата**. Заробеноста на државата во Република Македонија веќе беше детектирана од страна на Европската комисија. Со ваков инструмент неодговорни партиски кадри во улога на Градоначалници работејќи неодговорно, неотчетно и надвор од законските овластувања ги заробуваат и блокираат институциите до степен кога тие не можат да ја вршат својата функција со што дополнително се праќа порака за неказнивост на партиски кадри.
3. **Ваков инструмент води кон синдикализирање на трошоците од неодговорно работење на избрани и именувани функционери**. Кога се синдикализира трошокот од неосигурани ризици се креира неодговорност (moral hazard). Имено, знаејќи дека ќе поминат без соодветна казна за неодговорно работење со даночните средства на граѓаните се креира ситуација на отсуство на секаква грижа за управување со ризиците соодветно на можностите и ресурсите на општините од страна на неодговорните Градоначалници. Трошокот за неодговорното работење во заробената држава паѓа на товар и на оние кои не се одговорни за неодговорното и надвор од законот работење.

[10] Види повеќе: http://cea.org.mk/stav-na-tsea-za-zadolzhuvaneto-na-tsentralnata-vlast-za-obvrskite-na-els/.

4. **Ваков инструмент води кон дискредитирање на институции, надзорни тела и воопшто системот на проверка и контрола**. И покрај постоењето на цел систем кој треба да води грижа за да не настанат вакви ситуации, со вакво барање за синдикализирање на неодговорното работење се доведува под знак прашање самото постоење на најмалку: Јавна внатрешна финансиска контрола, Државна ревизија, Јавното обвинителство, Државна комисија за спречување на корупција, Бирото за јавни набавки, Министерство за финансии, Комисија за финансирање и буџет при Собрание на Република Македонија.

Понатаму ја илустрираме Матрицата за мониторинг со мониторингот за првите 6 месеци од работењето на владата.

## Матрица за мониторинг со мониторинг на исполнувањата

| *Ред. бр.* | *Приоритет* | *Мерка* | *Надлежна институција(и)* | *Рок (месеци )* | *Исполнетост* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Фискална транспарентност, отчетност и партиципативност | • Објавување месечни буџетски планови и извештаи за извршувањето на буџетот и за сите буџетски корисници. Овие планови и извештаи треба да бидат поаналитични во смисла на потставка (шест цифри) по економска класификација и по буџетски корисник и во отворен формат.<br>• Отстранување на точка 23, односно 22 од Упатството за начинот на трезорско работење, односно Упатството за начинот на трезорско работење на ФЗО. | Министерство за финансии (МФ) | 3 | **Делумно исполето[11]** |
| | | • Транспарентно објавување на доспеаните, а неисплатени обврски подолги од три месеци, вкупно и по буџетски корисник. | МФ | 3 | **Делумно исполнето[12]** |
| | | • Евалуација на капиталните проекти на Владата и објавување на нивната структура според фазата на имплементација (планирање, тековна и финална фаза). Треба да им се даде приоритет на оние проекти кои поради нивната | МФ | 6 | **Не е исполнето** |

[11] Министерството за финансии објавува месечни извештаи за извршување на буџет но не се по буџетски корисници и недостасува шест цифрена аналитика. Има полугодишен извештај за првите шест месеци од 2017 за остварени приходи и реализирани расходи по буџетски корисници. Не е исполнето за отстранување на точка 23 и точка 22 соодветно.

[12] Објавени се доспеаните неплатени обврски до 31.05.2017. Најавен е Закон за евиденција на неплатени обврски кој ќе го уредува начинот на плаќање на истите како и софтвер за евидентирање кој ќе го користат сите буџетски корисници

| Ред. бр. | Приоритет | Мерка | Надлежна институција(и) | Рок (месеци) | Исполнетост |
|---|---|---|---|---|---|
| | | природа и/или цел не можат да бидат стопирани. | | | |
| | | • Укинување на Советот за јавни набавки; евалуација на имплементацијата на јавните набавки и прекинување на практиката на спроведување на јавните набавки и доделување договори исклучиво според финансиски критериуми (најниска цена). | МФ, Влада на Република Македонија (Влада), Собрание на РМ (Собрание) | 12 | **Делумно исполнето**[13] |
| | | • Објавување на бројот на вработените во јавниот сектор за повеќе години наназад. | МФ, Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) | 3 | **Делумно исполнето**[14] |
| | | • Евалуација на досегашната даночна политика и објавување на очекуваните ефекти од новата даночна политика на новата Влада. | МФ | 6 | **Не е исполнето** |
| | | • Основање собраниска комисија за разгледување на извештаите на Државниот завод за ревизија, односно надзор на јавните расходи. | МФ, Собрание | 12 | **Не е исполнето** |
| | | • Задолжително разгледување на Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во Комисијата за финансирање и буџет, т.е. во Комисијата за разгледување на извештаите на Државниот завод за ревизија, односно надзор на јавните расходи (доколку се основа). | МФ | 3 | **Делумно исполнето**[15] |

[13] Во член 160 од Закон за јавните набавки сеуште стои дека критериум за доделување на договор за јавна набавка е најниската цена.
[14] Има извештај за 2016 година но не и порано. Регистар за вработени во јавниот сектор постои од 2014 година но од февруари 2018 година се додава нов член во Закон за вработените во јавниот сектор со кој Министерството за информатичко општество и администрација има право да ги обработува податоците од регистарот и да врши размена во други институции (пр. УЈП, АВРМ и сл.) со цел подобрено евидентирање на овие податоци.
[15] Министерството за финансии го има објавено Годишниот извештај за функционирањето на системот за јавна внатрешна контрола последно за 2016 година во јули 2017 година.

| ***Ред. бр.*** | ***Приоритет*** | ***Мерка*** | ***Надлежна институција(и)*** | ***Рок (месеци )*** | ***Исполнетост*** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | • Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола да се објавува во целост на веб-страницата на Министерството за финансии, вклучително и поединечните извештаи од Годишниот извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола. | | | |
| | | • Евалуација и ревидирање на буџетскиот календар со цел да се овозможи поголема флексибилност, транспарентност и партиципативност. | МФ | 6 | **Не е исполнето**[16] |
| | | • Поголема транспарентност на разделот Министерство за финансии - функции на државата, со целосно нејзино укинување во иднина. | МФ | 12 | **Не е исполнето** |
| | | • Навремено доставување на Фискалната стратегија до Собранието на РМ во почетокот на буџетскиот процес, со цел да се придонесе кон подобра подготовка на пратениците за разгледување на финансискиот дел од предлог-буџетот подоцна во фазата на усвојување.<br>• Задолжително изготвување предбуџетска изјава (посебно или како дел од Фискалната стратегија) која треба да ги содржи владините долгорочни економски, фискални и други цели за претстојниот буџет, и тоа најмалку за последователните три фискални години. | МФ | 12 | **Не е исполнето**[17] |
| | | • Задолжително изготвување на Граѓански буџет на централно ниво и на ниво на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). | МФ, ЕЛС | 9 | **Делумно исполнето**[18] |

[16] Започната е изработка на календар за 2018 година.
[17] Стратегијата е доставена после завршување на буџетскиот процес, т.е. ненавремено.
[18] Граѓански буџет е изготвен на ниво на централна власт но не и на ниво на сите општински власти.

| *Ред. бр.* | *Приоритет* | *Мерка* | *Надлежна институција(и)* | *Рок (месеци )* | *Исполнетост* |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Подобрување на ефикасноста и ефективноста, надзорот и одговорноста за јавните финансии | • Министерот за финансии транспарентно да подготвува и да ги објавува целите, намената и условите за секое задолжување, грант и донација. | МФ | 3 | **Делумно исполнето**[19] |
| | | • Евалуација и објавување на буџетските импликации од проектот „Скопје 2014“ по година, структура, финансиска конструкција и по распределени средства. | МФ | 9 | **Не е исполнето** |
| | | • Објавување на податоците од сите групи и подгрупи инструменти на државна помош, и тоа: планирана, реализирана и одобрена државна помош, по давател на државна помош и по намена на државна помош, за претходните години и континуирано (во отворен формат). | МФ, Министерство за економија (МЕ), Собрание | 9 | **Делумно исполнето**[20] |
| | | • Да се испита можноста Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи и Државната комисија за спречување на корупцијата редовно да известуваат за покренатите постапки по наодите и извештаите на Државниот завод за ревизија и за тоа да го известат Државниот завод за ревизија и јавноста. | МФ, Државен завод за ревизија, Јавно обвинителство, Министерство за внатрешни работи (МВР), Државна комисија за спречување на корупцијата | 9 | **Не е исполнето** |
| | | • Формирање Фискален совет, како нова институција во системот на јавните финансии, кој ќе служи за екс-анте оценка за оправданоста на фискалната политика на извршната власт. | Собрание | 6 | **Не е исполнето**[21] |
| 3. | Зголемување на фискалната дисциплина и одржливост | • Неселективно плаќање на тековните трошоци и воспоставување на хронолошки принцип за плаќање на доспеаните обврски (временско доспевање на обврските). | МФ | 3 | **Недостасуваат информации** |

[19] Во однос на задолжување и аукции Министерството за финансии редовно подготвува соопштенија за целите и намената и го објавува на својата веб страна. Нема достапни информаци за грантови и донации.
[20] Донесена е одлука за да се покрене постапка за декласификација на класифицираните договори за државна помош, но сеуште нема јавно достапни информации
[21] Најавено е формирање на трето експертско дело – Фискален совет во системот на јавните финансии кое би требало да започне со работа следната година

| ***Ред. бр.*** | ***Приоритет*** | ***Мерка*** | ***Надлежна институција(и)*** | ***Рок (месеци )*** | **Исполнетост** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | • Редовно објавување на структурата на јавниот долг, вклучувајќи ги и неплатените обврски и долговите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, Македонската банка за поддршка и развој, и тоа за најмалку три години station наназад. | МФ | 3 | **Делумно исполнето**[22] |
| | | • Евалуација на трошоците и придобивките од странските директни инвестиции, како и активностите поврзани со привлекување на странски директни инвестиции. | МФ, МЕ | 9 | **Не е исполнето**[23] |
| | | • Евалуација на одржливоста и транспарентноста на земјоделските субвенции, со посебен акцент на нивната распределба; транспарентно и редовно објавување на висината на доделената поддршка по корисник и по мерка, во форма на отворени податоци. | МФ, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 9 | **Не е исполнето** |
| | | • Евалуација на фискалниот капацитет и на одржливоста на пензискиот систем, вклучувајќи ја и работата на МАПАС. | МФ | 9 | **Не е исполнето**[24] |
| | | • Евалуација на одржливоста, транспарентноста и дистрибутивните ефекти од социјалните трансфери. | МФ, Министерство за труд и социјална политика | 9 | **Не е исполнето** |

[22] Министерството за финансии квартално објавува информации за јавниот долг на државата, додека податоците за неплатени обврски за ЕЛС и јавните претпријатија се објавени заклучно со 31.05.2017. Во тек е усвојување на Законот за евиденција на неплатените обврски
[23] Ангажирани се надворешни експерти за евалуација на трошоците и придобивките од СДИ
[24] Ангажирани се надворешни експерти за евалуација на одржливоста на ПИОМ